# Извештај од работилницата
# „Влијанието на климатските промени врз земјоделството“
# (Хотел Филип,Охрид, 29.6.-1.7.2016)

Јули, Скопје 2016

**За потребите на проектот на Амбасадата на Сојузна Република Германија во Скопје, за Локална акција за глобална климатска адаптација, спроведуван од Центарот за еколошка демократија – Флорозон, Скопје**

***Проектен координатор*:**

**Кирил Ристовски**

***Модератор:***

**Методија Димовски**

# I. СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ........ 3
Вовед и цели на работилницата ........ 4
Прва сесија ........ 4
Втора сесија ........ 5
Трета сесија ........ 5
Четврта сесија ........ 6
Петта сесија и завршни согледувања ........ 7
Прилог 1 – Дневен ред ........ 8
Прилог 2 – Листа на учесници ........ **Error! Bookmark not defined.**

## II. Вовед и цели на работилницата

Работилницата „Влијанието на климатските промени врз земјоделството“ се одржа во хотел Филип, Охрид, од 29 јуни до 1 јули 2016 година.

Дневниот ред на работилницата (види Прилог 1) предвидуваше одржување на пет сесии, во рамките на кои учесниците (види листа на учесници Прилог 2) имаа можност да слушнат вкупно девет презентации. Секоја сесија на работилницата имаше посветено време за прашања и дискусија.

Пред почетокот на Првата сесија, учесниците и презентерите беа поздравени од претставници на донаторот и спроведувачот на проектот. Во името на Амбасадата на Сојузна Република Германија во Скопје, поздравен говор одржа г-ѓа Марина Серафимовска, економски советник во Амбасадата. Меѓу другото, таа истакна дека Германската Влада силно ги поддржува активностите во рамките на глобалниот Green Fund, но и преку билатерална помош на фондот за клима во националното Министерство за надворешни работи, преку кој се финансира и овој проект. Од исклучителна важност за Германија е малите национални економии (кои ќе бидат поддржани), да вложуваат максимални напори во справувањето со климатските предизвици во овој век.

Во името на спроведувачот, Центарот за еколошка демократија – Флорозон, Скопје, поздравен говор одржа г-дин Кирил Ристовски, Раководител на проектот. Меѓу останатото, тој подвлече дека целта на оваа работилница е учесниците детално да се запознаат со последните случувања во рамките на глобалните политики за борбата со климатските промени, а особено со можностите и предизвиците за прилагодување во секторот земјоделство. Всушност, основната цел на работилницата е овозможување на правилно и навремено информирање на засегнатите чинители во секторот, а тоа се пред се советниците во националната Агенција за поддршка на раздвојот на земјоделството и нивните клиенти, индивидуалните фармери во Македонија.

## III. Прва сесија

Во рамките на Првата сесија на работилницата, која беше посветена на запознавање со основите на климатските промени и глобалните политики за справување со нив, презентација одржа г-ѓа Теодора Обрадовиќ – Грнчаровска, државен советник за климатски промени во Министерството за животна средина и просторно планирање. Некои од најважните поенти кои ги истакна во нејзината презентација се:

- Земјоделството е еден од секторите кој најмногу трпи последици од климатските промени,
- Потребна е сериозна акција за подигнување на капацитетите за прилагодување на земјоделството, на глобално, но особено на локално ниво во Македонија,
- За преземање на правилни акции, суштествено е да се разберат проекциите за развој,
- Неопходно е обезбедување на релевантни податоци од теренот, за што АПРЗ може многу да придонесе, преку својата мрежа на советници и поддржани фармери ширум Македонија,
- Во план е подготвување на веб – платформа за презентирање на научните достигнувања во областа на климатските промени во Македонија,

- Добро е да се разгледа можноста за воспоставување на национална институција која ќе се занимава со прашањето на прилагодување кон климатските промени.

Обрадовиќ – Грнчаровска, исто така, подвлече дека Македонија сè уште нема подготвено национална стратегија за прилагодување кон климатските промени и запраша дали Германија, во рамките на билатералната поддршка, може да обезбеди финансирање на изработката на овој важен стратешки документ.

## IV. Втора сесија

Втората сесија на работилницата понуди две презентации. Првата презентација, која беше предвидена за претходната сесија, ја испорача, г-ѓа Соња Трајкова, раководител на одделение во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Таа подвлече дека овој ресор го вклучил прашањето за влијанието на климатските промени врз земјоделството во актуелната национална Стратегија за развој на земјоделството (2014-2020). Таа, исто така, накусо го презентира ново започнатиот проект за креирање на националните политики и изградба на капацитетите за справување со климатските промени, кој го финансира ОН ФАО.

Особено внимание кај учесниците предизвика втората презентација во оваа сесија, која ја испорача Проф. Зоран Димов од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методија“, Скопје. Тој презентираше многу научни резултати добиени од моделите за глобална циркулација кои ги прават сценаријата за климатските промени во 21-ви век. Основното предвидување на овие сценарија е дека во овој век Македонија ја очекува зголемување на температурата на воздухот и намалување на врнежите. Овие, пак, промени, ќе предизвикаат сериозни проблеми во земјоделството, особено доколку не се преземат мерки за прилагодување, а најранливи региони се средишниот дел на Повардарие и ЈУ. Во дискусијата, особено внимание беше посветено на прашањето на навременото информирање на фармерите за последиците од климатските промени, но особено и од климатската и временската варијабилност, која може да има клучно влијание врз вегетативниот период и годишните приноси од земјоделските култури.

## V. Трета сесија

Последната трета сесија од првиот ден на работилницата донесе две презентации. Првата, повторно, ја испорача г-ѓа Обрадовиќ – Грнчаровска а се однесуваше на договорот од Париз во рамките на Конвенцијата за климатски промени. Главната поента, во контекст на работилницата, се однесуваше на тоа што овој договор за прв пат зборува за прилагодување кон климатските промени, за што во своите петгодишни известувања секоја држава ќе треба да известува за преземените мерки. Следната поента во оваа презентација укажа на фактот дека прилагодувањето кон климатските промени ќе значи многу помали загуби во земјоделското производство, иако и во таква ситуација по 2050 година се предвидуваат негативни резултати. Уште една поента во презентацијата укажа на фактот дека поради нискиот капацитет за прилагодување на земјоделството во Македонија, АПРЗ може да биде клучен фактор за подигнување на таквиот капацитет. При тоа како најинтересно прашање во дискусијата се покажа како да се интегрира прилагодувањето во националниот поднесок и во националната стратегија за одржлив развој која е во тек на подготовка.

Втората презентација од оваа сесија ја донесе г-ѓа Весела Ламбевска – Домазетова, претседател на управниот одбор на Мрежата за рурален развој на Република Македонија и раководител на проектот на УСАИД. Таа всушност го презентираше овој проект и неговите достигнувања, како единствен проект кој всушност развил практични мерки за прилагодување на земјоделството кој климатските промени. Резултатите кои беа презентирани беа исклучително важни и интересни за учесниците, бидејќи добија информации за конкретни мерки за прилагодување кои во услови на експерименти на терен покажале екстремно високи намалувања на штетите од климатските промени и позитивно зголемување на приносите кај одредени култури кои биле предмет на обидите. Во дискусијата која следеше, главните прашања беа насочени кон потребата од поширока медиумска покриеност на добиените резултати, низ посилна јавна кампања.

## VI. Четврта сесија

Вториот ден од работилницата се состоеше од две сесии во кои се поместија три презентации. Првата ја донесе Проф. Ордан Чукалиев од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методија“, Скопје. Во неа тој повтори некои од информациите кои беа презентирани во претходните презентации, но стави акцент на потребните мерки за прилагодување на земјоделството и тоа во еден поширок контекст. Листата на области во кои можат да се преземат мерки за прилагодување, без некоја приоретизација, која ја предочи Проф. Чукалиев, вклучува:

- Образование
- Наука
- Трансфер на технологии
- Подигнување на јавната свест
- Обука
- Градење на капацитети

Тој исто така истакна дека од особена важност за прилагодувањето на земјоделството кон климатските промени, ќе биде формирањето на иновативни и показни центри, каде ќе може да се создаваат и тестираат нови технологии за прилагодување. Тој смета дека показните центри треба да бидат поддржани од локалните власти, односно дека треба да се локално формирани заради спецификите на секој регион. Проф. Чукалиев, исто така, презентира голем број на специфични мерки за прилагодување, кои ги групираше во следните групи:

- Генетско – селективни мерки
- Мелиоративни мерки
- Агротехнички мерки
- Зголемување на ефикасноста во искористувањето на водата.

Втората презентација во рамките на оваа сесија беше донесена од г-ѓа Соња Трајкова, која направи детален приказ на националните механизми за поддршка на мерките за прилагодување кон климатските промени. Овие механизми ги вклучуваат:

- Програмата на Владата за субвенции во земјоделството
- Програмата на Владата за рурален развој, и
- Програмата поддржана од ЕУ фондовите, популарно наречена ИПАРД

Г-ѓа Трајкова, во својата презентација посвети внимание и на новата ИПАРД-2 програма финансирана од ЕУ фондови, која сè уште е во фаза на верификација, но за која во дискусијата беа отворени прашањата на вклученост во подготовката, на јавноста и на фармерите како крајни корисници на помошта, потоа главните пречки за користењето на програмите воопшто, а особено внимание привлече дискусијата за начинот на кој се оценува ефективноста и ефикасноста на програмите, кои за жал отсуствуваат.

## VII. Петта сесија и завршни согледувања

Последната сесија и презентација, повторно беше донесена од г-ѓа Трајкова, која зборуваше за агро – еколошките мерки во политиките кои се корисни за заштита на животната средина и зачувување на природните карактеристики на пределот.

На крајот од оваа сесија се отвори општа дискусија во која сите учесници имаа можност да го искажат своето видување на текот на работилницата и да дадат своја оцена на постигнатото.

Општ заклучок е дека работилницата беше извонредно успешна поради тоа што успеа да ги собере најважните страни засегнати од климатските промени и прилагодувањето на земјоделството кон нив, но и поради изборот на предавачи кои доаѓаа од клучните државни институции и од науката.

Учесниците беа едногласни во оценката дека работилницата им пружи можност да слушнат многу нови информации, но и да добијат подетално објаснување за одредени прашања поврзани со прилагодувањето на земјоделството кон климатските промени.

Исто така, работилницата овозможи платформа за размена на информации помеѓу учесниците, но и исклучително корисна дискусија со предавачите. Беа идентификувани и многу прашања кои бараат внимание во идниот период, како на научно ниво, така на ниво на развој и спроведување на политики, но и на ниво на развој и спроведување на нови проекти, за кои постојат многу можности за нивно финансирање преку билатералната поддршка на Германија, но и преку глобалниот Green Fund, во рамките на Конвенцијата за климатски промени.

## VIII. Прилог 1 – Дневен ред

**ДНЕВЕН РЕД**

МОДЕРАТОР: М-р Методија Димовски

| Ден 1 | 29.06.2016 Среда |
|---|---|
| 17:00 | Пристигнување на учесниците и пријавување во хотелот |
| 19:00 | Вечера |
| Ден 2 | 30.06.2016 Четврток |
| 07:00-09:00 | Појадок |
| 09:00-09:30 | Регистрација на учесниците |
| 09:30-9:50 | Отворање на работилницата<br>- Поздравен говор , г-ѓа Марина Серафимовска, сектор за екомомска соработка, Амбасада на Сојузна Република Германија во Република Македонија;<br>- Поздравен говор Кирил Ристовски, Проектен менаџер |
| 9:50-11:00 | Сесија 1,<br>- Влијанието на климатските промени врз животната средина и националната економија, г-ѓаТеодора Обрадовиќ – Грнчаровска, Државен советник за климатски промени. Министерство за животна средина и простроно планирање на Република Македонија;<br>- Климатските промени – Предизвик и реалност со негативен импакт врз земјоделството – г-ѓа Соња Трајкова, раководител на одделение за агро-еколошки мерки, МЗШВ; |
| 11:00-11:30 | Кафе пауза |
| 11:30-13:00 | Сесија 2,<br>- COP21 реални можности наспроти наметнати обврски, Теодора Обрадовиќ – Грнчаровска, Државен советник за климатски промени. Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија;<br>- Импликациите на климатските промени врз развојот на земјоделството (вода, почва, аплитудални стресови, шокови итн) – Проф. Д-р Зоран Димов |
| 13:00-15:00 | Ручек |
| 15:00-16:30 | Сесија 3<br>- Национални услови за адаптација кон климатските промени, Теодора Обрадовиќ – Грнчаровска, Државен советник за климатски промени. Министерство за животна средина и простроно планирање на Република Македонија;<br>- Практични мерки за адаптација на земјоделството кон климатските промени – Весела Ламбевска- Домазетова Рурална Мрежа, Проект на УСАИД |
| 16:30 – 17:00 | Дискусија |

| | |
|---|---|
| 19:00-21:00 | Вечера |
| Ден 3 | 01.07.2016 Петок |
| 07:00- 09:30 | Појадок |
| 09:30-11:00 | Сесија4<br><br>- Техники и алатки за ефективна адаптација кон климатските промени – Проф. Д-р Ордан Чукалиев<br>- Национални механизми за поддршка на адаптивните мерки во земјоделството – Соња Трајкова, раководител на одделение за агро-еколошки мерки, МЗШВ |
| 11:00-11:30 | Кафе пауза |
| 11:30-12:30 | Сесија 5,<br><br>- Агро-еколошките мерки –услов во остварувањето на „одржливото земјоделство“ – г-ѓа Соња Трајкова, раководител на сектор за агро-еколошки мерки , МЗШВ |
| 12:30 – 13:00 | Дискусија и затворање на работилницата |
| 13:00 | Ручек и заминување |

**Прилог 2 – Листа на учесници**

Амбасада
на Сојузна Република Германија
Скопје

ФЛОРОЗОН
центар за еколошка демократија

# ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

## РАБОТИЛНИЦА „ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО“

проект: *"Локална акција за глобална климатска адаптација"*

Хотел ФИЛИП, Охрид // 29.06.2016 - 01.07.2016

| РЕД БР. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ИНСТИТУЦИЈА/ОРГАНИЗАЦИЈА | E-MAIL | ТЕЛ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кирил Ристовски | ЦЕД ФЛОРОЗОН | | | |
| 2 | Билјана Дрвошанова | ЦЕД ФЛОРОЗОН | bilua.b@gmail.com | 070839769 | |
| 3 | Методија Димовски | Модератор | metodija.dimovski@gmail.com | 070/226-070 | |
| 4 | Теодора Обрадовиќ Грнчаровска | МЖСПП | t.grncarovska@yahoo.com | 076 446-911 | |
| 5 | Соња Трајкова | МЗШВ | sonja.trajkova@mzsv.gov.mk | 070 403/909 | |
| 6 | Зоран Димов | Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје | zdimov@fznh.ukim.edu.mk Dimov632002@yahoo.co.uk | 078424963 | |
| 7 | Весела Ламбевска Домазетова | Рурална мрежа | vesela.ld@ruralnet.mk | 070343513 | |
| 8 | Афродита Ибушоска | Земјоделски институт Скопје | ibusoska@yahoo.com | 078 447897 | |
| 9 | Деспина Поповска | Земјоделски институт Скопје | d.popovska@zeminst.edu.mk | 071/601-157 | |
| 10 | Игор Златков | АПРЗ Дирекција | igor.zlatkov@agencija.gov.mk | 070/307 853 | |
| 11 | Златко Сирета | АПРЗ Дирекција | zlatko.sireta@agencija.gov.mk | 072 252 431 | |
| 12 | Ана Мицевска | АПРЗ Дирекција | ana.micevska@agencija.gov.mk | 075747874 | |
| 13 | Зорица Јанкуловска Мицковска | АПРЗ Скопје | z.jankulovska@hotmail.com | 070-409-04 | |
| 14 | Ѓорѓи Ајтов | АПРЗ Неготино | ajtov68@yahoo.com | 070 409 043 | |
| 15 | Драганчо Николов | АПРЗ Кавадарци | nikolovdragan72@yahoo.com | 070 409 076 | |

Амбасада
на Сојузна Република Германија
Скопје

ФЛОРОЗОН
центар за еколошка демократија

# ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

## РАБОТИЛНИЦА „ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО“

проект: *“Локална акција за глобална климатска адаптација”*

Хотел ФИЛИП, Охрид // 29.06.2016 - 01.07.2016

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Стефан Ечев | АПРЗ Велес | aprzveles@agencija.gov | 072/244470 → 072244470 | |
| 17 | Ристо Огнанов | АПРЗ Штип | risto.ognanov@agen.gov.mk | 072/277774 | |
| 18 | Мите Николовски | АПРЗ Штип | mite_nikolovski@Yahoo.com | 070409019 | |
| 19 | Неџбедин Мемедов | АПРЗ Делчево | aprzdelcevo@yahoo.com | 070/40.90.56 | |
| 20 | Тоде Ангелов | АПРЗ Пробиштип | aprzprobistip@agencija.gov.mk | 070-409-063 | |
| 21 | Стојан Глигоров | АПРЗ Струмица | stojan.gligorov@agencija.gov.mk | 070/409-129 | |
| 22 | Катерина Колева | АПРЗ Струмица | koleva_kate@yahoo.com | 070409127 | |
| 23 | Ацо Пејовски | АПРЗ Валандово | MUSANOV.TONI@Gmail.com | 070-409-124 | |
| 24 | Тони Мушанов | АПРЗ Гевгелија | Ацо Пејовски | 070409121 | |
| 25 | Љупчо Аризанов | Здружение на лозари – Кавадарци | Љупчо Аризанов | 072 276 937 | |
| 26 | Драган Ѓорѓиев | Здружение на лозари – Кавадарци | GJORGJIEVdragan@yahoo.com | 078/404-052 | |
| 27 | Ване Митев | ЗЗ Екоградинар – Струмица | VANČO MITEV – Ек | 070521530 | |
| 28 | Марија Димитрова | Асоцијација на земјоделци – Штип | marija_dimitrova@hotmail.com | 072/270-860 | |
| 29 | Благоја Ѓоргиевски | ДКК ФООД – Кукуречани | dkk.foods@gmail.com | 075-546-679 | |
| 30 | Ордан Чукалиев | Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје | CUKALIEV@GMAIL.COM | 070328863 | |